Дневни билтени
2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на ден дневните настани 03.07.2022

Денеска (03.07.2022) во 09.45 часот во близина на автобуската станица во Гостивар, полициски службеници од СВР Тетово – Полициска станица Гостивар за лишење од слобода М.И.(29) од с.Вруток, гостиварско. Тая била барана со потерница од Основен суд Тетово за издржување казна затвор од три години во Казнено-поправната установа Затвор Идризово за сторено кривично дело по член 237 ст.1 од Кривичниот законик. Лицето ке биде спроведено во установата за издржување на казната.

На 02.07.2022 во 15.05 часот во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово – Одделение за внатрешни работи Гостивар го привеле Ш.М.(53) од Гостивар. За него била издадена судска наредба, со која се барал за издржување на затворска казна. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 02.07.2022 во 19.00 часот на место викано „Клисура" на автопатот А1, во близина на Демир Капија, полициски службеници од Полициската станица за граничен премин Богородица го лишиле од слобода од С.Р.(22) од с.Брест, општина Чучер Сандево и Е.Ј. (25) од с.Арачиново. При прегледот во возило „ауди" со скопски регистарски ознаки, кое го управувал С.Р., а соседник бил Е.Ј., биле пронајдени 14 лица-мигранти (по 6 лица од Сирија и Пакистан и 2 лица од Авганистан). Претходно, во 18.30 часот, на автопатот А1 во правец од Градејци кон Демир Капија, возилото не застанало на знак за запирање од полициски службеници, а кога било запрено возачот, совозачот и мигрантите се обиделе да избегаат, но биле спречени и лишени од слобода. С.Р. и Е.Ј. биле приведени во Полициската станица Неготино за понатамошна постапка, а мигрантите биле спроведени во Транзитен центар „Виноџуи" во Гевгелија. По целосно документирање на случајот ке биде поднесена соодветна кривична пријава.

На 02.07.2022 во 06.40 часот на ул.„11ти Октомври" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Т.А.(37) од Скопје. Тој се сомнича дека во текот на ноќта на паркинг просторот пред Градската општа болница „Св.Наум Охридски" со употреба на сила и подесен алат одзел предмети од патничко возило „сеат кордоба" со скопски регистарски ознаки, сопственост на Р.Ш.(59) од с.Трубарево, скопско. Одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот,а лицето било приведено во полициската станица. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.07.2022 во 18.30 часот во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.Ј.(26) од Скопје. Тој, околу 18.00 часот на ул.„Жан Жорес" физички нападнал малолетничка и ѝ одзел мобилен телефон. А.Ј. бил приведен во полициската станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 03.07.2022 во 01.35 часот во Градски Парк-Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Т.(18) од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот ке биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.07.2022 во 23.20 часот на ул.„Васко Карантелевски" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција го лишиле од слобода С.Д.(37) од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.07.2022 во 04.20 часот во с.Пелинце, општина Старо Нагоричане, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Ж.К.(35) од Прилеп затоа што кај него биле пронајдени и одземени бела прашкаста материја и бела грутеста материја. . По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.07.2022 во 00.30 часот на ул„Јаниз Михајлоски" во Кичево, полициски службеници од Полициската станица Кичево ги лишиле од слобода Р.Р.(47) од с.Сребица, кичевско и Р.М.(44) од с.Тиин, кичевско. При прегледот во возило „фолксваген голф" со охридски регистарски ознаки, кое го управувал Р.Р., а соседник бил Р.М. и при прегледот кај нив биле пронајдени и одземени бела прашкаста материја и пари во различни апоени и валути. Тие биле приведени во полициската станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.07.2022 во 02.15 часот на улица „Пере Тошев" во Прилеп, полициски службеници од Полициската станица Прилеп ја лишиле од слобода Т.М.(18) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело по член 215 од Кривичниот законик. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.07.2022 околу 12.00 часот во СВР Куманово, од Казнено-поправната установа Затвор Кшанје, Куманово било приведено дека во круг0т на затворот била пронајдена ѓеса со марихуана и два мобилни телефони. Полициски службеници од СВР Куманово извршиле увид на местото, а дрогата и предметите биле подигнати за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (02.07.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе зајакнеи акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 247 возила. Од них 20 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 106 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 141 надвор од населено место.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (02.07.2022) продолжи со акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 90 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 18 санкции, девет мерки за возење без возачка дозвола, 20 санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли. Изречени се четири мерки за возачи почетници, седум санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила, една мерка за минување на затворен сигнал (црвено светло), две мерки за неносење на сигурносен појас...

На 02.07.2022 во 23.50 часот во СВР Тетово било приведено дека на булевар „Илинденска" во Тетово се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел астра" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Б.С.(22) од с.Ново Село, општина Боговиње и мотоцикл „јајнит" со тетовски регистарски ознаки, управуван од Ш.Ф.(20) од Тетово, Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот на мотоциклот А.Б.(23) од с.Маја Речиња, тетовско, додека со телесни повреди се здобил возачот на мотоциклот, констатирани во Клинична болница Тетово. Увид на местото на настанот извршила екипа на СВР Тетово.

На 02.07.2022 околу 17.30 часот во Полициската станица Радовиш било приведено дека на регионалниот пат с.Подареш-с.Заргулица, радовишко, на мотоцикл „Расарини", патничко возило „лежо" со штипски регистарски ознаки, управувано од З.П.(18) од с.Подареш, радовишко, излетало од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила З.П., констатирани во Здравствен дом Радовиш. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Радовиш.

На 02.07.2022 во 17.30 часот во СВР Скопје било приведено дека на бул.„Кузман Јосифовски Питу", патничко возило „фиат стило" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.Ц.(24) од Скопје, удрило во ограда и се превртело. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот Д.Т.(25) од Скопје, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза", додека со телесни повреди се здобиле возачот и сопатникот Д.М.(26) од Скопје, констатирани во Градската општа болница „Св.наум Охридски". Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 02.07.2022 во 16.05 часот во СВР Скопје било приведено дека на бул. „БорисТрајковски", Љ.Д.(49) од Скопје, управувајќи мотед со скопски регистарски ознаки, изгубил контрола и паднал на коловозот. Љ.Д. бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза", каде ми биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 03.07.2022 во 01.30 часот во Полициската станица Кичево било приведено дека на магистралниот пат Гостивар-Кичево, патничко возило „бмв" со скопски регистарски ознаки, управувани од А.Д.(23) од кичевското село Горно Строгонище, излетало од патот. Возачот и сопатникот Л.Р.(24) од Кичево биле пренесени во Општата болница во Кичево, а потоа во приватна болница во Скопје, каде на здобиените повреди подлегнал сопатникот Л.Р., а возачот бил задржан на лекување со тешки телесни повреди. Врз телото на починатот ќе биде извршена обдукција. На местото на несреќата увид извршиле јавен обвинител и полициски екипи.

Денеска (03.07.2022) во 08.50 часот, тим од нурачи при Министерството за внатрешни работи го пронашле телото на малолетникот од Берово, кој вчера околу 15.30 часот се удавил во Беровско езеро. По наредба на Јавен обвинител телото било дадено на обдукција.

Во периодот од 19.30 до 23.20 часот на 02.07.2022, за време на одржување на музичка манифестација во Стар Дојран, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица во координација со полициски службеници од Секторот за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи при МВР и Единицата за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи при СВР Скопје извршиле контрола и ги лишиле од слобода М.М.(22) и Б.Ш.(23), двајцата од Кавадарци, С.Б.(18), К.Г.(19), А.С. (24) и А.С.(18), сите од Скопје, Д.А.(22) од Штип и Е.Ј.(40) од Радовиш. При прегледот кај лицата била пронајдена и одземена марихуана. Тие биле приведени во полициската станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

СВР Штип поднесе кривична пријава против М.Д.(47) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 13.04.2022, пријавениот со употреба на физичка сила одзел златен накит од Г.К..

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Р.Х.(28) од Тетово и Н.Р.(28) од село Прлошие, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги и психотропни супстанци и прекурсори". На 04.02.2022 на ул.„Ланче Полоски", полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавените, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 02.07.2022 во 10.30 часот во Полициската станица Кичево било приведено дека во поранешен магазин на Народна одбрана, кој се наоѓа во круг0т на општина Кичево, била пронајдена неексплодирана бомба. Од стручно лице – пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување бомбата била безбедно подигната за понатамошна постапка.

На 01.07.2022 во 23.30 часот во полициска станица 21-ноември жител на Скопје приврал дека бил измамен од А.Ц.. Според пријавеното, на 22.06.2022 на сајтот фејсбук профил го огласил за продажба возилото „мерседес " за сума од 55.000 евра, по што на 24.06.2022 му се јавил А.Ц. и побарал да го сретнат а да се договорат за купи возилото. Како што е пријавено, по неколку средби се договориле да направат размена и А.Ц. да му доплати уште 40.000 евра. Исто така, според пријавеното, тие направиле и договор за размена, по што тој размеските возилата, но при пренесувањето на настанот А.Ц се уште не ми ги дал парите, а по повеќето телефонски разговори одбил да му го врати и возилото. Се пресметал мерки за расчистување на случајот.

На 02.07.2022 во 19.30 часот во СВР Велес, жена од Велес пријавила дека била измамена од А.Ј. од Штип за сума од 3.000 евра. Спорна пријавеноста, по договорите А.Ј. да го купи нејзиното возило „фиат" за сума од 3.000 евра и откако дошол во Велес го зел да го проба и оттогаш не се вратил. Се пресметал мерки за расчистување на случајот.

На 03.07.2022 во 01.30 часот во Стар Дојран, полициски службеници го лишиле од слобода П.В.(21) од Скопје затоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.07.2022 во 22.30 часот, полициски службеници од СВР Битола ги лишиле од слобода У.Т.(42) и У.Т.(18), двајцата од с.Граешница, битолско, затоа што околу 18.00 часот во с.Лажец, битолско, со дрвени и метални предмети го нападнале О.Д.(51) и Н.Д. (42) од с.Лажец. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.07.2022 околу 02.00 часот во СВР Струмица, Д.Т.(26) од Скопје пријавил дека во Стар Дојран бил физички нападнат од повеќе лица. Се пресметал мерки за расчистување на случајот.

На 03.07.2022 во 03.00 часот во Велес, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода З.М.(48) од Велес затоа што околу 02.45 часот на ул.„Јане Сандански" во Горен" го нарушил јавниот ред и мир со агресивно однесување и опитување на јавна - урбана опрема. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.07.2022 во 00.40 часот во СВР Тетово, Х.Х.(39) од Тетово пријавил дека околу 00.00 часот во угостителски објект во населба Млаки во Тетово бил физички нападнат од М.Е.Х.. Се пресметал мерки за расчистување на случајот.

На 02.07.2022 во 08.30 часот во Полициската станица Неготино, Е.Ј.(30) од с.Криволак, неготинско, пријави дека 06.30 часот на работното место во јавно претпријатие бил физички нападнат од Д.С.(26) од Кавадарци, а лицето Т.П.(31) од Росоман му се заканило со остар предмет. Се пресметал мерки за расчистување на случајот.

На 02.07.2022 во 22.22 часот СВР Штип, С.А.(45) од Штип пријавила дека во 22.00 часот пред паркинг дом била физички нападната од В.Д. и Х.А., по што дошле Б.М. и Т.М. и физички го нападнале В.Д., а тая ја нападнала Х.А.. Се работи на расчистување на случајот.

На 02.07.2022 во 20.00 часот во СВР Скопје, Р.Ж.(31) од Чучер Сандево пријави дека во 18.10 часот во казино ул.„11-ти Октомври" во Скопје бил физички нападнат од две лица од агенција за обезбедување. Се пресметал мерки за расчистување на случајот.

На 03.07.2022 во Полициската станица Кратово, М.С. од с.Филиповци, кратовско, пријавил дека пред неговата куќа дошло лице со поврда да физички напад. Полициски службеници излегле на местото и било утврдено дека се работи за Г.З.(49) од Куманово. Во службен разговор со полициските службеници тој пријавил дека бил повикан со неговото такси возило да превезе неколку лица од с.Васа до Куманово, кои физички го нападнале и му го одзеле возилото „фолксваген пасат" и мобилниот телефон. Се пресметал мерки за расчистување на случајот.

На 02.07.2022 во 16.20 часот во Полициската станица Валандово било приведено дека на регионалниот пат Р-1401, на место викано „Валандовско брдо" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „форд мондео" со стружнички регистарски ознаки, управувано од И.И.(29) од с.Скидровца, струмичко, без возачка дозвола и патничко возило „фиат добло" со стружнички регистарски ознаки, управувано од С.П.(32) од с.Мртвино, струмичко. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле возачот С.П. и сопатниките во возилото „форд", малолетник од Штип, Ж.М.(26) од с.Скидровца и двајца малолетници од истото село, констатирани во Медицинскиот центар Струмица. Со телесни повреди, констатирани, исто така, во Медицинскиот центар Струмица, се здобиле возачот И.И. и пет сопатници во девете возила. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Валандово.

На 02.07.2022 во 23.00 часот во СВР Скопје, И.Н.(41) од Скопје пријавила дека околу 22.00 часот на ул.„Питу Гули" била физички нападната од непозната соседка А.Д.. Се пресметал мерки за расчистување на случајот.

На 02.07.2022 во 18.00 часот во ОВР Прилеп, Д.С.(30) од Прилеп пријавил дека, додека бил во Битола, бил физички нападнат од З.Д.. Се пресметал мерки за расчистување на случајот.

На 03.07.2022 во 05.30 часот во ОВР Прилеп, А.В.(22) од Прилеп пријавил дека околу 00.30 часот пред угостителски објект во Прилеп бил физички нападнат од лицето Б.„Н". Се пресметал мерки за расчистување на случајот.

На 02.07.2022 околу 06.30 часот во СВР Скопје било приврадено дека В.С.(54) од Скопје, додека пешачел во с.Вртекица, скопско, му се слошило и починал. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без траги на насилство. По наредба на Јавен обвинителот телото било дадено на обдукција.

На 02.07.2022 во 21.53 часот во Полициската станица Прилеп било приврадено дека на бензинска пумпа во Прилеп едно лице со закана кон вработените одзел пари од дневниот промет. Се пресметал мерки за расчистување на случајот.

Сајт на влада и јавноправни на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поста: kontakt@mvr.gov.mk
Изработено од Унет